Објавен во Службен весник број: 148/2015
Датум на објавување: 31.8.15

# Закон за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување

## Член 1

Во Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ број 166/12 и 164/13) во членот 72 став (1) зборовите: „900 до“ се бришат.

По точката 3 се додава нова точка 3-а, која гласи:
„3-а) не издаде налог за носење на огнено оружје на работниците за обезбедување (член 29 став (2));“.

Во точката 6 сврзникот „и“ на крајот на реченицата се заменува со интерпункцискиот знак „точка-запирка“.

По точката 6 се додава нова точка 6-а, која гласи:
„6-а) не изработи, односно не достави до Министерството план за обезбедување на јавни собири односно настани кога за таа потреба ангажира повеќе од петмина работници за обезбедување (член 39 став (1));“.

Во точката 7 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 7 се додава нова точка 7-а која гласи:
„7-а) не овозможи вршење на надзор, не ја стави на располагање бараната документација или не ги даде потребните податоци и известувања (член 68 став (1)).“

Во ставот 2 зборовите: „400 до 500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

## Член 2

Во член 73 во ставот (1) зборовите: „3.500 до“ се бришат.

Во ставот (2) зборот „шест“ се заменува со зборот „три“, а зборот „пет“ се заменува со зборот „три“.

Во ставот (3) зборовите: „1.500 до 1.800 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

## Член 3

Членот 74 се брише.

## Член 4

Во член 75 во ставот (2) сврзникот „за“ се заменува со сврзникот „на“, зборовите: „обезбедување на лица и имот“ се заменуваат со зборовите: „приватно обезбедување“, а зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

**Член 5**

Во член 76 во ставот (2) сврзникот „за“ се заменува со сврзникот „на“, зборовите: „обезбедување на лица и имот“ се заменуваат со зборовите: „приватно обезбедување“, а зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

**Член 6**

Во членот 76-а зборовите „4.000 до“ се бришат.

**Член 7**

По членот 77 се додава нов член 77-а, кој гласи:

**„Член 77-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.“

**Член 8**

Членот 78 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците утврдени во членовите 72, 73, 75 и 76 од овој закон, овластеното службено лице на Министерството на сторителот на прекршокот му издава прекршочен платен налог согласно со закон.

(2) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (1) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.“

**Член 9**

Во членот 79 по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:
„3) формата и содржината на прекршочниот платен налог;“.

Точките 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

**Член 10**

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.